| 10 | Натриум-цитрат 3.8% | 500 ml | 69,90 |
| 11 | Натриум-цитрат 3,8% | 100 ml | 46,50 |
| 12 | Ларгинин-хлорид | 10x20 ml | 742,50 |
| 13 | ACIDI BORICI 3% | 500 ml | 77,40 |
| 14 | SPOROTAL | 10 l | 1.340,40 |
| 15 | DEXTRAN 70 | 500 ml | 218,00 |
| 16 | DEXTRAN 40 (MIKRODEX) | 500 ml | 245,20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 17 | GLUKOZA: | | |
| | — GLUKOZA 5% | 500 ml | 77,40 |
| | — GLUKOZA 5% | 300 ml | 53,50 |
| | — GLUKOZA 5% | 200 ml | 50,40 |
| | — GLUKOZA 5% | 100 ml | 47,60 |
| | — GLUKOZA 10% | 500 ml | 79,30 |
| | — GLUKOZA 10% | 300 ml | 54,60 |
| | — GLUKOZA 10% | 250 ml | 54,60 |
| | — GLUKOZA 10% | 100 ml | 50,50 |
| 18 | GLUKOSALINA I | 500 ml | 80,80 |
| 19 | GLUKOSALINA I | 300 ml | 56,30 |
| 20 | GLUKOSALINA II (3,3%) | 500 ml | 69,90 |
| 21 | GLUKOSALINA III | 500 ml | 69,60 |
| 22 | KALIDEX (GLUKOZA + KCL) | 500 ml | 79,20 |
| 23 | NATRIUMHLORID CO GLUKOZA | 500 ml | 78,70 |
| 24 | KOKTEL (5%) DEHTROZA, ФИЗИОЛОШ-КИ 40 | 300 ml | 82,80 |
| 25 | KOKTEL (10%) DEHTROZA, ФИЗИОЛОШ-КИ 40 | 300 ml | 82,80 |
| 26 | LEVULOZA: | | |
| | — LEVULOZA 5% | 500 ml | 103,20 |
| | — LEVULOZA 5,25% | 500 ml | 104,60 |
| | — LEVULOZA 10% | 500 ml | 107,00 |
| | — LEVULOZA 20% | 500 ml | 111,80 |
| | — LEVULOZA 5% + HOLIN 0,5% | 500 ml | 104,20 |
| 27 | SOLUTIO CARDIOPLEGIQUE | 500 ml | 163,50 |
| 28 | KALIUMHLORID | | |
| | — KALIUMHLORID 7,4% | 500 ml | 62,90 |
| | — KALIUMHLORID 7,4% | 100 ml | 49,60 |
| | — KALIUMHLORID 1% | 20 ml | 38,90 |
| | — KALIUMHLORID 7,4% | амп. 20 ml | 19,50 |
| | — KALIUMHLORID 7,35% | 10x20 ml | 137,00 |
| | — KALIUMHLORID 7,35% | амп. 20 г | 19,50 |
| 29 | SALVIAMIN: | | |
| | — SALVIAMIN LX2 | 500 ml | 297,70 |
| | — SALVIAMIN LX6 | 500 ml | 433,10 |
| | — SALVIAMIN LX6 B. EL. | 500 ml | 406,80 |
| | — SALVIAMIN L8 | 500 ml | 435,90 |
| | — SALVIAMIN L8 | 250 ml | 232,5[illegible] |
| 30 | AMINOSTERIL: | | |
| | — AMINOSTERIL L-600 | 500 ml | 354,60 |
| | — AMINOSTERIL L-800 | 500 ml | 413,90 |
| | — AMINOSTERIL KE | 500 ml | 557,50 |
| | — AMINOSTERIL PÄD. 290 | 250 ml | 156,70 |
| 31 | JONOSTERIL: | | |
| | — JONOSTERIL | 500 ml | 87,50 |
| | — JONOSTERIL G | 500 ml | 87,50 |
| | — JONOSTERIL KP | 500 ml | 87,50 |
| | — JONOSTERIL L-5 | 500 ml | 87,50 |
| | — JONOSTERIL L-10 | 500 ml | 83,10 |
| | — JONOSTERIL-LAKTAT | 500 ml | 113,20 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 32 | HEPASTERIL B | 500 ml | 227,10 |
| 33 | INFUSTERIL 6% | 100 ml | 257,30 |
| 34 | INFUSTERIL 10% | 100 ml | 324,90 |
| 35 | INFUSOL | 500 ml | 96,70 |
| 36 | INFUSOL AC | 500 ml | 106,30 |
| 37 | INFUSOL ALK | 500 ml | 87,50 |
| 38 | INFUSOL IC | 500 ml | 156,70 |
| 89 | BERGMAN PACTBOP | 500 ml | 75,00 |
| 40 | VAZO KOKTEL | 500 ml | 100,10 |
| 41 | ATINOSTERIL L-400 | 500 ml | 297,70 |
| 42 | DAROW | 500 ml | 50,40 |
| 43 | Физиолошки раствор | | |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 2000 ml | 204,40 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 1000 ml | 111,10 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 500 ml | 77,40 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 300 ml | 53,50 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 200 ml | 50,40 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | 100 ml | 47,60 |
| | — Физиолошки раствор 0,9% NaCl | | |
| | — u PVC vrećici | 400 ml | 60,90 |
| 44 | NATRIJUM-HLORID: | | |
| | — NATRIJUM-HLORID 30% | 500 ml | 84,50 |
| | — NATRIJUM-HLORID 10% | 500 ml | 82,50 |
| | — NATRIJUM-HLORID 10% | 100 ml | 52,40 |
| | — NATRIJUM-HLORID 5,8% | амп. 20 ml | 13,60 |
| | — NATRIJUM-HLORID 2,5% | 500 ml | 63,60 |
| | — NATRIJUM-HLORID 0,45% | 500 ml | 63,60 |
| | — NATRIJUM-HLORID IM | 100 ml | 46,10 |
| 45 | RINGER RASTVOR | 500 ml | 77,40 |
| 46 | RINGER RASTVOR | 300 ml | 53,50 |
| 47 | RINGER LAKTAT | 500 ml | 106,90 |
| 48 | RINGER LAKTAT | 300 ml | 84,50 |
| 49 | Riinger laktat + 5% глукоза | 500 ml | 110,50 |
| 50 | Натриум-хидрокарбонат | | |
| | — Натриум-хидрокарбонат 1.4% | 500 ml | 89,70 |
| | — Натриум-хидрокарбонат 1.4% | 300 ml | 85,60 |
| | — Натриум-хидрокарбонат 4.2% | 250 ml | 82,80 |
| | — Натриум-хидрокарбонат 8.4% | амп. 100 ml | 52.50 |
| | — Натриум-хидрокарбонат 8,4% | амп. 20 ml | 22.40 |
| | — Натриум-хидрокарбонат 8,4% | амп. 10x20 ml | 136,30 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 51 | KALIUM-NATRIUM-HLORID | 500 ml | 69,90 |
| 52 | NATRIUMHLORID, COMPOSITUM | 500 ml | 69,90 |
| 53 | NATRIUMHLORID | 10x20 ml | 135,70 |
| 54 | SOL. NATRIJ. CHLORIDI ISOTON. | 50x5 ml | 171,70 |
| 55 | SOL. NATRIJ. CHLORIDI ISOTON. | 50x10 ml | 237,00 |
| 56 | SOL. NATRIJ. CHLORIDI ISOTON. | 10x20 ml | 107,00 |
| 57 | PERITONEALNA DIJALIZA (PERITOSTERIL) | 2000 ml | 232,50 |
| 58 | PERITONEALNA DIJALIZA (PERITOSTERIL) | 1000 ml | 145,30 |
| 59 | KONCENTRAT ZA HEMODIJALIZA | 1 lit. | 65,40 |
| 60 | KONCENTRAT ZA HEMODIJALIZA | 10 lit. | 653,60 |
| 61 | KONCENTRAT ZA HEMODIJALIZA SO GLUKOZA | 1 lit. | 70,10 |
| 62 | KONCENTRAT ZA HEMODIJALIZA SO GLUKOZA | 10 lit. | 702,80 |
| 63 | VODA ZA INJEKCII | | |
| | — Вода за инјекции | 1800 ml | 174,40 |
| | — Вода за инјекции | 1000 ml | 115,50 |
| | — Вода за инјекции | 500 ml | 70,80 |
| | — Вода за инјекции | 350 ml | 69,90 |
| | — Вода за инјекции | 100 do 150 ml | 43,60 |
| | — Вода за инјекции, шиш. со завртка | 350 ml | 83,90 |
| | — Вода за инјекции, шиш. со завртка | 150 ml | 44,40 |
| 64 | Дестилирана вода — RINFUZA | 1 lit. | 19,10 |
| 65 | MANITOL | | |
| | — MANITOL 10% | 500 ml | 116,20 |
| | — MANITOL 20% | 500 ml | 136,20 |
| | — MANITOL 20% | 250 ml | 133,40 |
| | — MANITOL 20% | 100 ml | 125,90 |
| | — MANITOL 20% | 250 ml | 136,20 |
| 66 | ACD раствор | | |
| | — ACD раствор | 500 ml | 76,20 |
| | — ACD раствор | 350 ml | 76,20 |
| | — ACD раствор | 250 ml | 72,40 |
| | — ACD раствор | 125 ml | 68,60 |
| | — ACD раствор во силиконски шишиња | 350 ml | 155,90 |
| | — ACD раствор во силиконски шишиња | 250 ml | 155,90 |
| 67 | SOL. POLARISI I | 500 ml | 36,80 |
| 68 | SOL. POLARISI II | 500 ml | 40,90 |
| 69 | Капиларни дијализатори | | |
| | — C-0,8; | парч. | 1.448,00 |
| | — C-1,0; | парч. | 1.900,00 |
| | — C-1,3; | парч. | 2.300,00 |
| | — AV системи | парч. | 675,00 |

## III. ДЕНТАЛНИ ПРОИЗВОДИ

| Реден број | Назив на производи | Пакување од | Динари |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | БАЗНИ ПЛОЧИ | 200 g | 149,20 |
| 2 | BIOCRYL: | | |
| | — BIOCRYL, течност | 250 ml | 175,30 |
| | — BIOCRYL R, прав | 2,3 kg | 385,85 |
| | — BIOCRYL, течност | 750 ml | 226,15 |
| | — BIOCRYL B, прав | 350 g | 197,80 |
| | — BIOCRYL R, прав | 350 g | 235,60 |
| | — BIOCRYL K, прав | 350 g | 242,60 |
| 3 | CEGAL: | | |
| | — CEGAL BV бр. 7 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| | — CEGAL BV бр. 27 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| | — CEGAL NV бр. 39 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| | — CEGAL NV бр. 7 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| | — CEGAL BV бр. 39 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| | — CEGAL NV бр. 27 | 120 g + 50 ml | 123,30 |
| 4 | DELICRON, жолта паста | 285 g | 628,60 |
| 5 | DELICRON, мрка паста | 150 g | 538,50 |
| 6 | ELACTOMER зацврстувач | 20 ml | 143,00 |
| 7 | GIPOFORN | 2,5 kg | 157,30 |
| 8 | BIOGAL гарнитура | 28 заби | 297,80 |
| 9 | HYDRARGYRUM | 150 g | 185,45 |
| 10 | IZOLAK | 250 g | 68,90 |
| 11 | NEODUROTERM | 4 kg | 772,30 |
| 12 | OPTOSIL PLUS | 1 kg | 780,40 |
| 13 | LUMICON | 50 g | 68,70 |
| 14 | PALADOR GUS | 100 g | 29.826,50 |
| 15 | PALADOR LOT II | 100 g | 43.855,10 |
| 16 | PALAVIT 55 комплет | комплет | 2.163,00 |
| 17 | PALAVIT L, течност | 250 ml | 238,40 |
| 18 | PALAVIT L, прав | 500 g | 368,10 |
| 19 | RACESTYPTINE конец | парч. | 214,25 |
| 20 | RACESTYPTINE SOLUTIO | 15 g | 67,55 |
| 21 | SILVERGAL | 100 g | 5.640,80 |
| 22 | XANTALGIN | 1 kg | 586,30 |
| 23 | XANTOPREN PLUS | 150 g | 583,70 |
| 24 | EXTRACAP M | 50 g | 2.112,50 |
| 25 | EXTRACAP S | 50 парч. | 3.055,60 |
| 26 | EXTRACAP V | 50 парч. | 3.720,10 |
| 27 | ORTOGAL, прав и течност | 350 g | 857,60 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 28 | PORCEGAL прав | 45 g | 470,10 |
| 29 | PORCEGAL, течност | 330 ml | 306,80 |
| 30 | AMALCAP NON-GAMMA 1 | 50 капс. | 2.818,90 |
| 31 | AMALCAP NON-GAMMA 2 | 50 капс. | 3.698,30 |
| 32 | AMALCAP NON-GAMMA 3 | 50 капс. | 4.600,00 |
| 33 | ACHATIT BIOCHROMATIC, течност | 10 ml | 216,90 |
| 34 | ACHATIT BIOCHROMATIC, прав | 15 g | 390,30 |
| 35 | PHOSPHACAP | 50 шприцеви | 2.587,70 |
| 36 | REOCAP ECONOMIC | 10 шприцеви | 1.049,80 |
| 37 | SR-3/60 RAPID | 1 kg | 2.296,40 |
| 38 | SR 3/60 RAPID, течност | 500 ml | 926,40 |
| 39 | SR — IVOPAL | 1 kg | 1.431,70 |
| 40 | IVOCLAR SEPARATING FLUID | 1 l | 713,10 |
| 41 | IVOCLAR SEPARATING FLUID | 30 ml | 50,20 |
| 42 | ISOPAST<br>(бои: 20, 22, 30, 35, 36) | 2 шприца +<br>1 катализатор | 2.023,20 |
| 43 | ISOPAST<br>(бои: 20, 22, 30, 35, 36) | 2 шприца +<br>2 катализатора | 6.362,50 |
| 44 | SR — Colorstat opaquor, течност | 30 ml | 221,40 |
| 45 | SR — Colorstat opaquor, прав<br>(бои: 11, 12, 13, 14, 15, 16) | 5,5 g | 422,10 |
| 46 | SR — Colorstat opaquor, прав<br>(бои: 23; 24, 26) | 5,5 g | 426,20 |
| 47 | SR-IVOCRON | комплет | 26.546,80 |
| 48 | SR — IVOCRON PE, течност D | 30 ml | 196,90 |
| 49 | SR — IVOCRON PE, течност X | 30 ml | 192,70 |
| 50 | SR — IVOCRON PE, течност K | 30 ml | 196,90 |
| 51 | SR — IVOCRON PE/D прав | 30 g | 396,90 |
| 52 | SR — IVOCRON PE/H прав | 30 g | 189,90 |
| 53 | SR — IVOCRON PE/I, прав | 15 g | 208,20 |
| 54 | SR — IVOCRON PE/S, прав | 30 g | 394,70 |
| 55 | ACRNO RAPID | комплет | 368,00 |
| 56 | БАЗНИ ПЛОЧИ | комплет | 105,60 |
| 57 | BOSALGIN | 450 g | 271,30 |
| 58 | RACIM | 90 g + 45 ml | 104,10 |
| 59 | ROZA восок | 500 g | 309,50 |
| 60 | SENOLAK | 190 ml | 73,20 |
| 61 | PROVICAV | 4 x 7 g | 68,70 |
| 62 | SI-CO (ASTRALIT) | 49 g + 22 ml | 873,70 |
| 63 | SI-FO (PETRALIT) | 58 g + 22 ml | 851,20 |
| 64 | SIMPLON | комплет | 362,30 |
| 65 | STOMAPLEX | 70 g + 45 ml | 288,80 |

## IV. МЕДИЦИНСКИ ФЛАСТЕРИ

| Реден број | Назив на производот | Пакување од | Динари |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | HANSAPLAST: | | |
| | — HANSAPLAST | 4 x 10 cm | 5,10 |
| | — HANSAPLAST | 6 x 10 cm | 6,50 |
| | — HANSAPLAST | 8 x 10 cm | 7,60 |
| | — HANSAPLAST | 4 x 25 cm | 9,80 |
| | — HANSAPLAST | 6 x 25 cm | 12,70 |
| 2 | HANSAPLAST STRIP 2810 | 10 ком. | 14,30 |
| 3 | HANSAPLAST STRIP 2840 | 20 ком. | 38,00 |
| 4 | HANSAPLAST STRIP 2849 | 50 ком. | 58,70 |
| 5 | LEUKOPLAST: | | |
| | — LEUKOPLAST | 5 m x 2 cm | 48,40 |
| | — LEUKOPLAST | 5 m x 5 cm | 125,50 |
| | — LEUKOPLAST | 5 m x 10 cm | 263,40 |
| 6 | SANIFIX: | | |
| | — SANIFIX | 2 x 5 cm | 48,40 |
| | — SANIFIX | 2,5 x 5 cm | 62,90 |
| | — SANIFIX | 5 x 5 cm | 125,50 |
| | — SANIFIX | 10 x 5 cm | 263,40 |
| | — SANIFIX | 18 x 5 cm | 487,30 |
| 7 | SANIPOR: | | |
| | — SANIPOR | 1,25 x 10 cm | 76,40 |
| | — SANIPOR | 2,5 x 10 cm | 141,60 |
| | — SANIPOR | 5 x 10 cm | 242,80 |
| | — SANIPOR | 7,5 x 10 cm | 334,60 |
| | — SANIPOR | 10 x 10 cm | 446,20 |
| 8 | SETAPLAST: | | |
| | — SETAPLAST | 1,25 x 10 cm | 95,90 |
| | — SETAPLAST | 2,5 x 10 cm | 144,20 |
| | — SETAPLAST | 5 x 10 cm | 255,70 |
| 9 | SANIPLAST: | | |
| | — SANIPLAST | 4 x 10 cm | 5,10 |
| | — SANIPLAST | 6 x 10 cm | 6,50 |
| | — SANIPLAST | 8 x 10 cm | 7,60 |
| | — SANIPLAST | 4 x 25 cm | 9,80 |
| | — SANIPLAST | 8 x 25 cm | 12,70 |
| | — SANIPLAST | 8 x 25 cm | 16,50 |
| 10 | SANIPLAST пластика | 4 x 10 cm | 22,80 |
| 11 | SANIPLAST пластика | 6x10 cm | 25,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 12 | SANIPLAST пластика | 8x10 cm | 26,20 |
| 13 | SANIPLAST STRIP | 10 парч. | 14,30 |
| 14 | SANIPLAST STRIP | 20 парч. | 38,00 |
| 15 | SANIPLAST STRIP | 50 парч. | 58,70 |
| 16 | SANIPLAST CAMPING | 10 парч. | 17,00 |
| 17 | ANTIREUMATIK на платно | парч. | 25,60 |
| 18 | ANTIREUMATIK на фланел | парч. | 38,80 |
| 19 | TOSAMAPLAST: | | |
| | — TOSAMAPLAST 4/10 | парч. | 5,10 |
| | — TOSAMAPLAST 6/10 | парч. | 6,50 |
| | — TOSAMAPLAST 8/10 | парч. | 7,60 |
| | — TOSAMAPLAST 4/25 | парч. | 9,80 |
| | — TOSAMAPLAST 6/25 | парч. | 12,70 |
| | — TOSAMAPLAST 8/25 | парч. | 14,70 |
| | — TOSAMAPLAST strip | парч. | 14,30 |
| 20 | VIRPLAST: | | |
| | — VIRPLAST 1/1 | парч. | 8,90 |
| | — VIRPLAST 1/2 | парч. | 13,80 |
| | — VIRPLAST 2/5 | парч. | 48,40 |
| | — VIRPLAST 5/5 | парч. | 125,50 |
| 21 | ФЛАСТЕРИ ПРОТИВ МОЗОЛИ | парч. | 9,40 |
| 22 | MIKROPORI без дисп. 1530/75 | 4 парч. | 1.230,00 |
| 23 | MIKROPORI со дисп. 1535/12 | 24 парч. | 1.300,00 |
| 24 | MIKROPORI со дисп. 1535/25 | 12 парч. | 1.300,00 |
| 25 | MIKROPORI со дисп. 1535/50 | 6 парч. | 1.300,00 |

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат како големопродажни цени франко аптека, клиника, здравствена станица и други купувачи, при постојните услови за продажба.

Во цените од точка 1 на оваа одлука е содржано учеството за покритие на трошоците за промет на големо, во апсолутен износ што според прописите постоел на 31 јули 1982 година.

3. Организациите на здружен труд што се занимаваат со работи на прометот на мало на лекови за хумана употреба, раствори за инфузија, дентални производи и медицински фластери можат на цените од точка 1 на оваа одлука да засметаат учество за покритие на трошоците на прометот на мало, во апсолутен износ што според прописите постоел на 31 јули 1982 година.

4. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чие отстранување е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе се преиспита дали постојат причини за нејзино задржување во сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 203
14 април 1983 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Мијат Шуковиќ**, с. р.

**273.**

Врз основа на точка 8 став 4 од Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 во 1983 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 77/82), во согласност со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1983 ГОДИНА

1. Се утврдува Енергетскиот биланс на Југославија за 1983 година што е даден кон оваа одлука и претставува нејзин составен дел.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 169
1 април 1983 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Мијат Шуковиќ**, с. р

**274.**

Врз основа на точка 1 од Одлуката за условите за купување на непреработено злато („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/77), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКОВНИОТ КОНТИНГЕНТ ЗА ЗЛАТО ВО 1983 ГОДИНА

1. Стоковниот контингент до кој корисниците на злато во 1983 година можат да купуваат непреработено злато од производители на злато во Југославија или во странство, се определува во количество од 8.629 килограми, и тоа:

| | — во килограми — |
|---|---|
| 1) за потребите на индустријата | 1.164,1 |
| 2) за потребите на преработка на злато во накит и во други предмети од злато | 6.171 |
| 3) за заботехнички цели | 790 |
| 4) за научни цели | 3,4 |
| 5) за потребите на XIV олимписки игри, Сараево, 1984 година | 500 |
| 6) за други потреби | 0,5 |

2. Распределбата на стоковниот контингент определен со ова решение за одделни групации корисници на злато, ја вршат корисниците на злато договорно.

3. При распределбата на стоковниот контингент за количествата од точка 1 одредби под 1 и 2 на ова решение на крајните корисници во рамките на Општото здружение на обоени метали на Југославија, критериумот за распределба ќе биде учеството во извозот на конвертибилното подрачје.

За извршената распределба од став 1 на оваа точка општите здруженија ќе го известат Сојузниот секретаријат за финансии.

4. Во стоковниот контингент на злато од точка 1 на оваа одлука е вклучено и количеството од 2.092 килограма непреработено злато според Решението за определување на стоковниот контингент за злато во првото тримесечје на 1983 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/83).

5. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 168
7 април 1983 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Мијат Шуковиќ**, с. р.

**275.**

Врз основа на член 58 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82 и 15/83), во спогодба со сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи, сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/80, 38/80, 17/81, 31/81 и 31/82) во член 5 став 1 во првата реченица: „врз основа на нивните писмени изјави што тие производи ќе ги продаваат непосредно на крајните потрошувачи“ се заменуваат со зборовите: „на начинот определен во член 37 точка 5 став 1 од Законот,“.

По став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Ако со Законот е определено да не се плаќа данок на промет на производи што претежно или во определен процент се изработени од материјали или суровини што се ослободени од плаќање данок на промет, се смета дека производот е изработен претежно или во определен процент од тие материјали односно од суровини, ако нивниот збир по вредноста во однос на вкупната вредност на производот претежно или во определен процент е застапен во производот“.

Член 2

Во член 6 став 12 се менува и гласи:

„Како место во кое самостојниот превозник извршил услуга на превозот, се смета местото во кое се наоѓа седиштето на корисникот на општествени средства — исплатувачот на надомест за таква услуга.“.

Член 3

Во член 20 во став 1, уводната реченица, во став 2, и во став 5, уводната реченица, зборовите: „од став 3 на тар. број 1 на Тарифата“ се заменуваат со зборовите: „од точка 4 став 2 на тар. број 1 на Тарифата“.

Во став 6 зборовите: „од став 3.“ се заменуваат со зборовите: „од став 5.“.

Во став 8 во уводната реченица зборовите: „По тар. број 1 на Тарифата“ се заменуваат со зборовите: „По стапката од став 1 на тар. број 1 на Тарифата“.

По став 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„По стапката од став 3 на тар. број 1 на Тарифата се пресметува и се плаќа основен данок на промет на производи од следните тарифни броеви на Царинската тарифа: 17.01 — Шеќер од шеќерна репа и од шеќерна трска во цврста состојба (суров, рафиниран, ароматизиран и обоен, кандиран и хемиски чиста сахароза); 17.02 — Други шеќери во цврста состојба, шеќерни сирупи кои не содржат додатни миризби или материи за бојосување, вештачки мед помешан или не со природен мед, шеќери карамелизирани (малтоза, фруктоза-левулоза, лактоза, гликоза-декстроза или гроздов шеќер, гликозен сируп, други шеќерни сирупи-од шеќерна репа и шеќерна трска, вештачки мед, шеќер карамелизиран и др.); 17.03 — Меласа за јадење-ароматизирана или бојосана и други меласи.“.

Во досегашниот став 9, кој станува став 10, зборовите: „од став 6 точ. 1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „од став 8 точ. 1 и 2“.

Член 4

Во член 23 став 5 се менува и гласи:

„Врз прометот на природни вина, медицински вина, медовина, јаболковица, пенливи вина, вина од типот „бисер“ и природни десертни вина, се плаќа основен данок на промет според стапката од алинеја четврта точка 1 на тар. број 4 на Тарифата.“.

Став 7 се менува и гласи:

„Како природно вино од алинеја четврта точка 1 од тар. број 4 на Тарифата се смета само производот добиен со природно алкохолно вриење на шира или клука од винова лоза, и тоа без додавање на шеќер или на други слатки материи, без додавање во вино алкохол, жестоки алкохолни пијачки, бои, киселина, комина, концентрирана шира, миризливи и други материјали и примеси и без мешање на виното со специјално вино.“.

По став 7, се додава нов став 8, кој гласи:

„Како природни вина се сметаат и пенливи вина кои, покрај состојките што ги содржат природните вина, содржат и јаглендиоксид во количините што се определени со посебни прописи. Пенливите вина можат да бидат природни пенливи вина и вештачки (газирани) пенливи вина зависно од тоа дали јаглендиоксидот настанал исклучиво со алкохолно вриење или делумно е додаден под притисок. Зависно од содржината на јаглендиоксидот, пенливите вина можат да бидат полупенливи вина, пенливи вина и јако пенливи вина.“.

Досегашните ст.8 до 14 стануваат ст. 9 до 15.

Член 5

Во член 30 став 2 се менува и гласи:

„Врз прометот на моторни возила од точка 13 на тар. број 11 од Тарифата продавачот пресметува и плаќа основен и посебен данок на промет на производи според местото на продажбата и за тоа става писмена клаузула на фактурата за продажба.“.

Член 6

Во член 31 став 1 процентот: „20%“ се заменува со процентот: „70%“.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Ако се во прашање текстилни производи што се изработени од различни суровини или материјали од став 1 на овој член, се смета дека таков производ е изработен претежно или во определен процент од тие суровини или материјали ако нивниот вкупен збир по вредноста претежно или во определен процент е застапен во односниот прозвод според вкупната вредност на производот.“.

Досегашниот став 2 станува став 3.

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, по зборовите: „душеци,“ се додава зборот: „јоги-душеци,“, а по зборот: „душекот“ се додаваат запирка и зборовите: „јоги-душекот“.

Досегашните ст. 4 до 7 стануваат ст. 5 до 8.

Член 7

Во член 40 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Самостојниот занатлија — производител од став 1 на овој член кој во вршењето на договорена производствена дејност од тој став ќе употреби материјал што го набавил со плаќање на данок на промет на производи, не засметува во смисла на член 6 став 4 од Законот, данок на промет на производи на вредноста на тие материјали искажани во фактурата што му ја издава на кооперантот-производителската организација на здружен труд. Надоместите остварени од вршењето на таква производствена дејност ја сочинуваат даночната основица за плаќање на посебен данок на надомести за услуги во која, во смисла на член 19 од Законот, не влегува вредноста на таквиот материјал што го дал занаетчијата, а која е искажана во фактурата.“.

Досегашните ст. 5 и 6 стануваат ст. 6 и 7.

Член 8

По член 44 се додава нов член 44а, кој гласи:

„Член 44а

Како опрема на корисникот на општествени средства од член 7 на Законот се сметаат и предмети што граѓанинот, врз основа на писмен договор за здружување на трудот и средствата со организацијата на здружен труд, ги внесува со надомест или без надомест во средствата со кои располага таа организација, а што служат за вршење на нејзините основни или споредни дејности што според одредбите од тој член се сметаат како опрема ослободена од плаќање данок на промет на производи.

Во писмениот договор од став 1 на овој член се внесува, покрај другото, и одредба за видот и вредноста на внесените предмети, со повикување на одредбата на член 7а од Законот според која на внесувањето на тие предмети во средствата со кои располага организацијата на здружен труд не се плаќа данок на промет на производи.

Внесувањето на предмети, во смисла на овој член, може да се врши во средствата со кои располага која и да било организација на здружен труд, вклучувајќи ги и договорните организации на здружен труд.“.

Член 9

Во член 54 став 4 по зборовите: „ученички торбички за на рамо,“ се додаваат зборовите: „технички букви и броеви,“.

Во став 5 уводната реченица се менува и гласи:

„Како спортски и фискултурни реквизити и опрема од член 36 став 1 точка 9 на Законот, што корисниците на општествени средства можат да ги на-

бавуваат со писмена изјава и на начинот определен во член 37 точка 5 став 1 од Законот без плаќање данок на промет на производи исклучиво за вршење на нивните основни и споредни дејности, се сметаат, и тоа:".

Во истиот став точка 30 се менува и гласи:

„30) дрвени, пластични и гумени чамци; скии за скијање на вода; картинг-возила; вртешки, нишалки, клацкалки, качувалки, скали, тобогани, мали вратила и мали разбои; топки од сите видови; светлосни и звучни уреди за опремање на спортски хали и стадиони; специјални мерни инструменти за контрола на резултатите и времето на тренинзи и натпревари; специјални мерни инструменти за контрола на физичките и функционалните способности на граѓаните; апарати за мерење на крвниот притисок (самомерачи); шах-гарнитури, шах-часовници, шах-маси и шаховски демонстрациони табли.".

Точ. 31 до 35 се бришат.

По став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Како оригинални уметнички дела од член 36 точка 10 став 1 на Законот, на кои не се плаќа данок на промет на производи, не се сметаат дела на применета уметност и на индустриско обликување и фотографски дела и дела произведени со постапка слична на фотографската без оглед дали на нив се плаќаат авторски хонорари според авторскиот договор или не, како и предмети на крајна потрошувачка било да се произведени како уникати или во повеќе примероци, па и кога се обликувани во посебен индустриски дизајн и сл.".

Досегашните ст. 6 и 7 стануваат ст. 7 и 8.

Досегашниот став 8, кој станува став 9, се менува и гласи:

„Како производи од член 36 точка 14 став 1 на Законот, на кои не се плаќа данок на промет на производи, се сметаат следните машини, уреди и опрема за земјоделство и сточарство од групите 78, 79 и 80 на Номенклатурата на средствата за амортизација, и тоа: Машини и орудија за основна обработка на земјата — трактори двоосни (на тркала и гасеничари), трактори едноосни, плугови, чинијарки и поткопувачи; Машини и орудија за дополнителни обработка на земјата — фрезери, валјаци, гребла и порамнувачи; Машини и орудија за сеење, нега и заштита на посевите — прскалки и атомизери, сеалки и садилки, растурачи на вештачки ѓубриња и култиватори; Машини и орудија за жетва и берба на посеви-комбајни самоодни, комбајни за берба на грозје, комбајни и други берачи — влечени, жетварки, вадилки, вршалки, косачки, гребла, сенопревртувачи, преси и елеватори; Машини и уреди за чистење, сортирање и пакување на земјоделски производи — селектори, триери, ветровки, сортирачи, машини за лупење, машини за лупење пченка, машини за пакување, машини за воденење и аспиратори: Машини и уреди за спремање и разнесување на добиточна храна-секалки и машини за мелење крупно брашно, мешалки и транспортери на добиточна храна, хранилки и поилки, машини за молзење, цистерни за млеко, пумпи и ладилници за млеко; Машини и уреди за ѓубрење во штали; Машини за стрижење на овци; Машини за цедење на мед и вентилатори, инкубатори и греалки (вештачки квачки); Моторни верижни пили и витла за режење и извлекување на шумски сортименти.".

Во досегашниот став 9, кој станува став 10, по зборот: „уреди," се додаваат зборовите „интрагал--спирали,".

Досегашните ст. 10 до 13 стануваат ст. 11 до 14.

Во досегашниот став 14, кој станува став 15, третата реченица се брише.

Досегашните ст. 15 до 20 стануваат ст. 16 до 21.

Во досегашниот став 21, кој станува став 22, по зборовите: „плакети" се брише запирката и се додава зборот: „и", а зборовите: „и сл." се бришат. На крајот на тој став се додава нова реченица која гласи: „Даночното ослободување од овој став важи само кога наведените производи се пуштаат во промет како самостојни поединечни производи.".

Досегашните ст. 22 до 29, стануваат ст. 23 до 30.

Во досегашниот став 30, кој станува став 31, зборот: „изолационен" се заменува со зборот: „термоизолационен".

Член 10

Во член 55 став 2 точка 1 во четиринаесеттиот ред одозгора по зборовите: „и загревање" се додаваат зборовите: „на штали живинарници,".

Член 11

Во член 57 по став 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Даночните обврзници кои плаќаат данок на промет на основицата која претставува набавна цена, во своето книговодство или во вонкнинговодствената евиденција обезбедуваат податоци за состојбата и за движењето на набавените производи по набавните цени, распоредени по тарифните броеви и по исти даночни стапки. Во таа евиденција се внесуваат податоците од книговодствената документација врз основа на која е извршено и задолжување во книговодството на даночниот обврзник.".

Член 12

Во член 63 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Угостителските организации на здружен труд и угостителските единици на неугостителски организации што се регистрирани при надлежниот суд за вршење на угостителска дејност вршат утврдување и плаќање на аконтации на данокот на промет според набавните цени на производите од тар. бр. 1 и 4 на Тарифата (минерални и газирани води, освежувачки газирани безалкохолни пијачки и алкохолни пијачки) на начинот определен во став 3 на овој член. Притоа, кон крајот на секој пресметковен период тие вршат попис на залихите на тие производи и ги пресметуваат по просечните набавни цени утврдени на денот на пресметката. Врз основа на така пресметаните залихи распоредени по тарифните броеви и со исти даночни стапки се утврдува даночната основица со одземање на залихите на денот на пресметковниот период од задолжувањето утврден од 1 јануари текуштата година до крајот на пресметковниот период.".

Досегашните ст. 4 до 6 стануваат ст. 5 до 7.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-4590/1
13 април 1983 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Јоже Флорјанчич,** с. р.

**276.**

Врз основа на член 221 став 1 точка 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 63/80), во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА СО КОИ СЕ ПРЕВЕЗУВААТ ДЕЦА

Член 1

Во Правилникот за начинот на обележувањето на возилата со кои се превезуваат деца („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/83) се вршат измени во симболите на цртежите 1 и 2, што се отпечатени кон тој правилник и претставуваат негов составен дел:




Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 1926/2
28 март 1983 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
м-р **Назми Мустафа,** с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 17 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

1. Претседателството на Општото здружение на работните луѓе кои самостојно вршат стопанска дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани, од Херцег Нови, поведе постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за оданочување на производите и услугите во прометот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/82).

Во предлогот се наведува дека оспорената одредба не е согласна со Уставот на СФРЈ зашто ги доведува работните луѓе кои самостојно вршат дејности со личен труд со средства во сопственост на граѓани во различна општествено-економска положба во однос на работниците во организациите на здружен труд, утврдувајќи им поголема одговорност и санкции за прекршоците во водењето на деловните книги.

2. Со оспорената одредба е утврдена парична казна во височина од 50.000 до 500.000 динари за прекршок на поединци, кои вршат промет на производи и услуги, ако не ги водат книгите на прометот на начин пропишан со закон.

3. Во член 264 став 2 на Уставот на СФРЈ е утврдено дека со сојузен закон се установуваат видовите приходи што се остваруваат со оданочување на производите и услугите што се во промет на целата територија на СФРЈ и се утврдува начинот и височината на тоа оданочување, освен за производи и услуги за кои начинот и височината на оданочувањето, врз основа на сојузен закон ги утврдуваат други општествено-политички заедници. Врз основа на член 281 став 1 точка 12, федерацијата преку сојузните органи, ја утврдува одговорноста и санкциите за прекршоците со кои се повредуваат сојузни прописи и општите услови и начела за изрекување санкции за стопански престапи.

Врз основа на наведеното уставно овластување, со оспорениот закон е утврден начинот на оданочување на определени производи и услуги во прометот а со одредбата на член 17 став 1 е утврдена одговорноста и санкциите за прекршок со кои се повредува пропишаниот начин на прометот.

Уставниот суд на Југославија оценува дека оспорената одредба е согласна со Уставот на СФРЈ, зашто со неа на работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани, им се обезбедуваат, во начело, исти права и обврски како и на работниците во организациите на здружен труд во поглед на начинот на водењето на деловните книги, а врз основа на кои се утврдува даночната основица.

Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 29 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 6 април 1983 година донесе едногласно

### Одлука

Се одбива предлогот на Претседателството на Општото здружение на работните луѓе кои самостојно вршат стопанска дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани, од Херцег Нови, да се утврди дека одредбата на член 17 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот е несогласно со Уставот на СФРЈ.

Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: д-р Јосиф Трајковиќ, кој го заменува претседателот на Судот, Боислав Ракиќ, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукуќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Јаким Спировски, Славко Кухар, Владимир Кривиц и Рамадан Враниќи.

У-бр. 61/83
6 април 1983 година
Белград

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на
Југославија
судија,
д-р **Јосиф Трајковиќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за намалување на царинската стапка на увозот на пченица, соја во зрно, суров јаглен и маслена погача од соја, објавена во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 17/83, се поткрала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА СТАПКА НА УВОЗОТ НА ПЧЕНИЦА, СОЈА ВО ЗРНО, СУРОВО МАСЛО И МАСЛЕНА ПОГАЧА ОД СОЈА

Во точка 1 наместо зборовите: „за соја во зрно 5%“ треба да стои: „за соја во зрно 3%“.

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 19 април 1983 година.

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО АРАПСКА РЕПУБЛИКА ЈЕМЕН И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО АРАПСКА РЕПУБЛИКА ЈЕМЕН

I

Се отповикува

Паун Шербановиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Арапска Република Јемен со седиште во Кувајт.

II

Се назначува

инж Петар Костиќ, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Држава Кувајт, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Арапска Република Јемен со седиште во Кувајт.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 5
24 март 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

— врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за заслуги во развивањето и унапредувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Италија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Vincenzo Mancuso;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Ivano Del Furla.

Бр. 115
6 декември 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува:

— за особени заслуги во развивањето и унапредувањето на меѓународната економска соработка на земјите во развој и придонес во негувањето на пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Венецуела

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Manuel Perez Guerrero, амбасадор во Постојаната мисија на Венецуела при ООН.

Бр. 116
6 декември 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, одлучува да се одликуваат:

Од СР Црна Гора

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Аливодиќ Ахмеда Асим, Челебиќ Сава Слободан, Клисиќ Сава Блажо, Маровиќ Тома Вуксан, Радевиќ Лазара Петар, Вучковиќ Мариќа Вјера;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ђуровиќ Станка Велиша, Машковиќ-Кујовиќ Јована Милена, Милиќ Милије Васо, Мустафиќ ЈЅА Ахмет, Прелевиќ Зарије Драго;

— за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Аручевиќ Дуља Осман, Дабановиќ Митра Милован, Драгниќ Велише Благота, Ковачевиќ Лазара Милутин, Никезиќ Јлије Јован, Остојиќ Риста Марко, Павловиќ Стојана љубо, Ратковиќ Илије Миленко, Вуковјќ Петра Владислав;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Чаловиќ Јова Душан, Ђукиќ Баја Саво, Гариќ Луке Марика, Ковачевиќ-Велашевиќ Стева Вера,

Кустудиќ Ѓура Иво, Лучиќ-Љешковиќ Луке Јаница, Пејовиќ Благоте Бранко, Пурлије Сава Илија, Секулиќ Марка Савета, Станишиќ Рада Никола, Станишиќ Рада Стево, Стојовиќ Ѓура Борислав, Шоќ Ѓура Петар, Шуќур Милана Стеван, Вучиќевиќ Јока Митар, Зајовиќ Машана Радуле;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бољевиќ Сима Радивоје-Рацо, Бошњак Никола Момчило, Божовиќ Пера Марко, Бралетиќ-Вулиќевиќ Ѓура Косара, Булајиќ Дамјана Ристо, Ќаласан Недељка Радивоје, Демировиќ Гавра Јосип, Драговиќ Комнена Јован, Дринчиќ Андрије Павле, Ѓаруц Сулејмана Ибрахим, Горановиќ-Кустудиќ Илије Јелена, Итановиќ Павла Мирко, Јањиќ Михаила Комнен, Каплановиќ Смила Алил, Лутовац Милуна Максим, Маговчевиќ Радована Андрија, Мандалиниќ Марка Вукашин, Машовиќ Миличка Даница, Милиќ Богдана Бисерка, Мирковиќ Ива Радомир, Пејовиќ Радула Миливоје, Пламенац Крста Митар, Раховиќ Јефте Петар, Раичевиќ Николе Милован, Смоловиќ Радована Раденко, Шабановиќ Хаса Сабро, Шоќ-Тошковиќ Илије Милена, Татар-Брајовиќ Пунише Васиљка, Перовиќ Николе Војислав, Вукчевиќ Јована Милорад, Вукмановиќ Ѓура Блажо, Вукмановиќ Пренче Марко, Вулетиќ Петра Михаило;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андријашевиќ-Шарановиќ Душана Војиславка, Бергам Антона Марио, Берјашевиќ Џафера Дано, Бојаниќ Митра Саво, Божовиќ Сава Томо, Булајиќ Миливоја Љубо, Ќетковиќ Лазара Шќепан, Ќупиќ Ивана Блажо, Дамјановиќ Тома Милутин, Добрковиќ Ива Славко, Ѓечбитриќ Љана Реџеп, Ѓикановиќ Сава Милорад-Мишо, Ѓукановиќ-Радошевиќ Рада Јелена, Ѓуровиќ-Балиќ Јосипа Зденка, Ивановиќ Ѓура Видак, Јововиќ Мила Станка, Јукиќ Милутина Милета, Кажиќ Стевана Лазар, Кнежевиќ Тома Драгутин, Кривокапиќ Стевана Симо, Лекиќ Јована Гојко, Лекиќ Машана Милева, Лековиќ Ника Блажо, Лукшиќ Мила Јакоб, Маловиќ Милије Светозар, Орландиќ Рада Драго, Орландиќ Владимира Никола, Остојиќ Иќа Драго, Поповиќ Радована Коста, Раичевиќ Алексе Василија, Рајовиќ Андрије Драгослав, Стриковиќ Насуфа Мурат, Стојановиќ Петра Сретен, Шќепановиќ Сава Вељко, Шпањевиќ Милиќа Божо, Томашевиќ Милоша Обрад, Топаловиќ Милоша Слободан, Турковиќ Вукмана Васо, Видаковиќ Крста Милован, Вујовиќ Митра Чедомир;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани.

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Бошковиќ Сава Марко, Чановиќ Милана Благота, Сариќ Филипа Душан, Томашевиќ Тиодора Машан;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

## СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Бардиќ-Вуковиќ Алије Милиха, Јанковиќ Петра Павле, Кораќ Јове Бранка, Шуштер Ѓура Милош, Татар Вељка Биљана;

— за заслуги и успеси постигнати во работата на општонародната одбрана

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Матовиќ Новице Ѓорѓе, Мирановиќ Вида Василије-Васо, Морачанин Милисава Драгомир, Вукмановиќ Сава Илија;

— за залагање и постигнати успеси во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ѓуричковиќ Цветка Милорад, Куртовиќ Рама Алил, Павловиќ Јосипа Цветко, Поповиќ-Коциќ Светомирја Милица, Сјеклоќа Крста Миленко, Шлаковиќ Мустафа Сеад.

Бр. 119
10 декември 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 271. | Одлука за определување на највисоките цени на средствата за заштита на растенијата — — — — — — — — — | 437 |
| 272. | Одлука за определување на највисоките цени за определени лекови за хумана употреба, раствори за инфузија, дентални производи и медицински фластери | 446 |
| 273. | Одлука за Енергетскиот биланс на Југославија за 1983 година — — — — — | 462 |
| 274. | Решение за определување на стоковниот контингент за злато во 1983 година — | 462 |
| 275. | Правилник за измени и дополненија на Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги — — — | 462 |
| 276. | Правилник за измена на Правилникот за начинот на обележување на возилата со кои се превезуваат деца — — — — | 465 |
| | Одлука за оцена на уставноста на член 17 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот — — — — — — | 466 |
| | Исправка на Одлуката за намалување на царинската стапка на увозот на пченица, соја во зрно, сурово масло и маслена погача од соја — — — — — — — — | 466 |
| | Укази — — — — — — — — — — | 466 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 467 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**